# СОГЛЕДУВАЊА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

## ЗА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА 2024-2028

## ТЕЛЕФОНСКА АНКЕТА

British Embassy Skopje
UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА** ..... **3**

**РЕЗУЛТАТИ ОД ТЕЛЕФОНСКА АНКЕТА** ..... **3**

**1. Клучни пречки за растот на компанијата** ..... **3**

**1. Програма за работа на Владата 2024-2028** ..... **6**

1.1. Проценка на вклученоста на приватниот сектор во креирање закони и прописи ..... 6

1.2. Запознаеност со Програмата за работа на Владата 2024-2028 ..... 11

1.3. Дигитални услуги за приватен сектор ..... 12

1.4. Поддршка за мали и средни претпријатија ..... 13

1.5. Усогласеност на вештини и недостиг на квалификувани кадри ..... 14

1.6. Приоритетни области за поддршка на економскиот раст ..... 15

**2. Доверба во исполнување на владините ветувања и цели** ..... **17**

**3. Корупција** ..... **17**

3.1. Ставови за ефективноста на борбата против корупцијата ..... 17

3.2. Влијание на дигитализацијата врз спречување на корупцијата ..... 18

3.3. Влијание на несовесни судски практики врз деловната клима ..... 18

**КЛУЧНИ НАОДИ** ..... **19**

**ПРЕПОРАКИ** ..... **20**

# ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА

Оваа публикација содржи податоци од испитувањето на перцепцијата и ставовите на бизнис-секторот во Република Северна Македонија во врска со Програмата за работа на Владата 2024-2028 и мерките предвидени во неа, односно како тие ќе се одразат на приватниот сектор и општеството во целина. Анкетата ја спроведе компанијата Индаго за потребите на проектот „Преосмислување на управувањето" реализиран од Центарот за управување со промени, а финансиски поддржан од Владата на Обединетото Кралство и Британската амбасада во Скопје.

Методологијата за истражување се состои од спроведување на телефонско интервју (CATI – Computer assisted telephone interviewing), а таргет-група беа компании од приватен сектор. Во однос на големината на примерокот на испитаници беше N=201 интервјуа – правни субјекти според големина на претпријатие и индустрија во периодот 21.10.2024-04.11.2024.

Испитаниците го претставуваат приватниот сектор на целата територија на државата, односно беа застапени претставници на сите региони. Интервјуата беа направени претежно (61%) со сопствениците, а дури 75% од претставените компании се микропретпријатија ( до 10 вработени).

# РЕЗУЛТАТИ ОД ТЕЛЕФОНСКА АНКЕТА

## 1. Клучни пречки за растот на компанијата

Повеќе од половина од анкетираните испитаници (55%) сметаат дека општата економска состојба во земјата ќе остане непроменета во следните 12 месеци. Скоро една третина од нив (30%) се оптимисти и очекуваат подобрување, додека 13% предвидуваат влошување на состојбата. (Види графикон бр. 1.)

Истражувањето покажува дека најголемите предизвици за економскиот развој во Северна Македонија се поврзани со одливот на мозоци (40%), сивата економија (39%) и достапноста на работна сила (35%). Макроекономската нестабилност и политичката и социјалната нестабилност, исто така, се идентификувани како значителни пречки. (Види графикон бр. 2.)

Од друга страна, општествената инфраструктура која би овозможила на жените да развијат лидерски бизнис-позиции, телекомуникациите, пристапот до земјиште и дискриминацијата не се сметаат за значајни пречки од мнозинството анкетирани.

**Графикон бр. 1**



**Графикон бр. 2**



# 1. Програма за работа на Владата 2024-2028

## 1.1. Проценка на вклученоста на приватниот сектор во креирање закони и прописи

Само 24% од испитаниците се задоволни од начинот на кој Владата го консултира приватниот сектор при изработката на нови закони и прописи. Значителен дел од нив (36%) имаат неутрален став, додека ист процент (36%) изразуваат незадоволство од процесот. Мал број испитаници (4%) не знаат или одбиле да одговорат. (Види графикон бр.4.)

**Идентификување на пречки за деловниот успех**

Најголеми пречки за деловното работење, според испитаниците, се даночните прописи (29%) и прописите за работни односи (23%). Прописите за минимална плата (22%), стандардите на тргување, како и планирање/изградба/развој (16%), исто така, се меѓу поважните пречки. Мал број испитаници (11%) не гледаат ниту еден пропис како пречка. (Види графикон бр.3.)

**Графикон бр. 3**



**Графикон бр. 4**



**Табела бр. 1**

| | Вкупно | Вардарски регион* n=15 | Источен регион* n=16 | Југозападен регион* n=23 | Југоисточен регион* n=14 | Пелагониски регион* n=20 | Полошки регион* n=25 | Североисточен регион* n=12 | Скопски регион n=76 | (Микро бизнис) n=150 | (Мал бизнис) n=29* | (Среден бизнис) n=17* | (Голем бизнис) n=5* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прописи кои се однесуваат на минимална плата | 22% | 33% | 31% | 26% | 21% | 20% | 12% | 33% | 20% | 24% | 24% | 6% | 20% |
| Прописи кои се однесуваат на здравствената заштита и безбедноста | 11% | 20% | 13% | 4% | 0% | 15% | 8% | 17% | 13% | 12% | 10% | 12% | 0% |
| Прописи за заштита на животната средина | 6% | 13% | 19% | 9% | 14% | 5% | 4% | 0% | 1% | 6% | 3% | 6% | 20% |
| Пензии | 2% | 0% | 13% | 4% | 0% | 0% | 0% | 0% | 1% | 1% | 3% | 6% | 0% |
| Планирање/изградба/развој | 16% | 33% | 19% | 4% | 14% | 15% | 28% | 0% | 16% | 13% | 28% | 24% | 20% |
| Даночни прописи | 29% | 13% | 25% | 43% | 36% | 20% | 36% | 33% | 26% | 31% | 24% | 18% | 40% |
| Прописи/ закони за работни односи | 23% | 20% | 13% | 22% | 7% | 55% | 8% | 33% | 24% | 23% | 17% | 24% | 40% |
| Обезбедување информации/водење евиденција | 12% | 13% | 0% | 17% | 14% | 10% | 8% | 25% | 12% | 13% | 7% | 12% | 0% |
| Стандарди на тргување | 16% | 27% | 13% | 9% | 7% | 35% | 24% | 8% | 13% | 14% | 24% | 12% | 60% |
| Прописи за работното време | 8% | 13% | 0% | 9% | 7% | 0% | 4% | 17% | 12% | 9% | 10% | 6% | 0% |
| Сите претходно наведени прописи | 5% | 7% | 19% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 9% | 4% | 10% | 12% | 0% |
| Ниеден – ниту еден пропис не е пречка | 11% | 0% | 0% | 26% | 21% | 0% | 12% | 0% | 14% | 11% | 7% | 24% | 0% |
| Не знам / Одбива да одговори | 3% | 0% | 0% | 0% | 7% | 0% | 8% | 17% | 3% | 5% | 0% | 0% | 0% |

**Консултации за мерките во владината програма**

Мнозинството од анкетираните (82%) изјавуваат дека не биле консултирани при подготовката на мерките предвидени во Програмата за работа на Владата 2024-2028. (Види графикон бр.5.)

**Графикон бр. 5**



**Табела бр. 2**

| | Вкупно | Вардарски регион* n=15 | Источен регион* n=16 | Југозападен регион* n=23 | Југоисточен регион* n=14 | Пелагониски регион* n=20 | Полошки регион* n=25 | Североисточен регион* n=12 | Скопски регион n=76 | (Микро бизнис) n=150 | (Мал бизнис) n=29* | (Среден бизнис) n=17* | (Голем бизнис) n=5* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да, со консултации од партиите пред избори и нашите предлози беа земени предвид | 7% | 7% | 19% | 4% | 29% | 0% | 4% | 0% | 7% | 6% | 3% | 24% | 20% |
| Да, со консултации од партиите пред избори, но нашите предлози не се дел од програмата | 5% | 27% | 13% | 0% | 0% | 0% | 8% | 0% | 4% | 7% | 0% | 0% | 20% |
| Да, со консултации со Владата по нејзиното конституирање и нашите предлози беа земени предвид | 5% | 0% | 19% | 4% | 0% | 0% | 4% | 0% | 7% | 5% | 7% | 6% | 0% |
| Да, со консултации со Владата по нејзиното конституирање, но нашите предлози не се дел од програмата | 2% | 0% | 0% | 0% | 0% | 5% | 4% | 0% | 3% | 3% | 0% | 0% | 0% |
| Не бевме консултирани воопшто | 82% | 67% | 50% | 96% | 71% | 95% | 84% | 100% | 82% | 81% | 90% | 76% | 60% |

## 1.2. Запознаеност со Програмата за работа на Владата 2024-2028

Само 10% од испитаниците изјавуваат дека се многу запознаени со мерките и очекуваните резултати содржани во Програмата за работа на Владата 2024-2028. Половината од нив (50%) се донекаде запознаени, додека 40% признаваат дека не се запознаени со Програмата. (Види графикон бр.5.)

*Графикон бр. 6: Колку сте запознаени со мерките и очекуваните резултати содржани во Програмата за работа на Владата 2024-2028?*




Најрелевантни области од Програмата на Владата за компаниите се економија и труд (53%) и добро управување (51%). Значителен дел од испитаниците, исто така, ја издвојуваат дигитализацијата (22%) и инфраструктурата (20%) како важни области. Останатите сектори се сметаат за помалку релевантни за деловните потреби на компаниите. (Види графикон бр. 6.)

*Графикон бр. 7: Кои од следниве области на Програмата за работа на Владата 2024-2028 се најрелевантни за вашата компанија?*



## 1.3. Дигитални услуги за приватен сектор

Испитаниците се поделени кога станува збор за користење на дигиталните јавни услуги на Владата наменети за приватниот сектор. Речиси половина од анкетираните компании (49%) изјавуваат дека ги користат овие услуги, додека малку повеќе од половина (51%) не ги користат. Меѓу компаниите кои ги користат дигиталните јавни услуги преовладува задоволството. Дури 59% од анкетираните изразиле задоволство, додека 16% изјавуваат дека се целосно задоволни. Останатите 22% се неутрални во однос на задоволството, додека само 3% се незадоволни.

*Графикон бр. 8: Дали ги користите дигиталните услуги на Владата наменети за приватниот сектор?*




*Графикон бр. 9: Колку сте задоволни од дигиталните јавни услуги?*



## 1.4. Поддршка за мали и средни претпријатија

Резултатите покажуваат дека речиси половина од анкетираните (45%) сметаат дека Владата не обезбедува доволна поддршка за малите и средните претпријатија. Само 22% од испитаниците веруваат дека поддршката е доволна, додека значителен дел (33%) не се сигурни. (Види графикон бр. 9.)

*Графикон бр. 10: Дали сметате дека Владата обезбедува доволна поддршка за малите и средните претпријатија?*




Повеќето испитаници (49%) се неутрални во однос на ефективноста на мерките на Владата за поддршка на приватниот сектор, додека 30% ги сметаат мерките за ефективни, а 18% за неефективни. (Види графикон бр.10.)

*Графикон бр. 11: Како би ја оцениле ефективноста на тековните мерки на Владата за поддршка на приватниот сектор?*



## 1.5. Усогласеност на вештини и недостиг на квалификувани кадри

Речиси половина од испитаниците (47%) сметаат дека вештините на учениците и студентите стекнати со завршување на средно училиште или факултет одговараат на потребите на нивните компании. Сепак, 27% од испитаниците одговараат негативно, додека 26% не се сигурни.

*Графикон бр. 12: Дали сметате дека вештините на учениците и студентите стекнати со завршување на средно школо/факултет одговараат на потребите на вашата компанија?*




Недостатокот на квалификувани кадри е значителен предизвик за компаниите, со 60% од испитаниците кои го сметаат за „значителен" или „многу значителен". Дополнителни 27% го оценуваат како „донекаде значителен", што укажува на тоа дека речиси три четвртини од испитаниците се соочуваат со проблеми при наоѓање соодветни кадри. Само 10% сметаат дека недостатокот не е значителен.

*Графикон бр. 13: Колку е значителен недостатокот на квалификувани кадри во вашата индустрија?*



## 1.6. Приоритетни области за поддршка на економскиот раст

Повеќе од половина од испитаниците (56%) сметаат дека Владата треба да даде приоритет на намалувањето на административните бариери за поддршка на економскиот раст. Следуваат подобри финансиски стимулации или субвенции (52%), пристапот до финансии (47%) и подобрување на вештините на работната сила (45%). Други значајни области се подобрување на вештините на работната сила (45%) и пристап до модерна опрема и технологија (42%).

*Графикон бр. 14*



*Табела бр. 3*

| | Вкупно | Вардарски регион* n=15 | Источен регион* n=16 | Југозападен регион* n=23 | Југоисточен регион* n=14 | Пелагониски регион* n=20 | Полошки регион* n=25 | Североисточен регион* n=12 | Скопски регион n=76 | (Микро бизнис) n=150 | (Мал бизнис) n=29* | (Среден бизнис) n=17* | (Голем бизнис) n=5* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Намалување на административните бариери | **56%** | 40% | 44% | 65% | 43% | 40% | 68% | 83% | 57% | 54% | 55% | 65% | 80% |
| Подобрување на пристапот до финансии | **47%** | 60% | 13% | 78% | 36% | 20% | 40% | 50% | 53% | 43% | 59% | 41% | 100% |
| Подобрување на вештините на работната сила | **45%** | 47% | 44% | 61% | 21% | 30% | 48% | 0% | 55% | 44% | 45% | 41% | 100% |
| Развој на инфраструктурата | 35% | 27% | 19% | 57% | 14% | 65% | 40% | 8% | 33% | 31% | 38% | 59% | 80% |
| Пристап до модерна опрема и технологија | **42%** | 67% | 50% | 57% | 43% | 20% | 40% | 0% | 45% | 41% | 45% | 41% | 80% |
| Подобрен пристап до пазарот за земјоделски производи | 13% | 20% | 13% | 43% | 7% | 5% | 12% | 0% | 9% | 13% | 17% | 6% | 40% |
| Подобри финансиски стимулации или субвенции | **52%** | 53% | 56% | 61% | 64% | 65% | 8% | 25% | 62% | 52% | 55% | 47% | 60% |
| Подобрени програми за обука и едукација | 34% | 33% | 25% | 52% | 29% | 15% | 24% | 0% | 46% | 35% | 31% | 24% | 60% |
| Друго | 1% | 0% | 6% | 0% | 0% | 0% | 0% | 8% | 0% | 1% | 0% | 6% | 0% |

## 2. Доверба во исполнување на владините ветувања и цели

Резултатите покажуваат дека најголем дел од испитаниците (60%) не се сигурни дали Владата ќе ги исполни своите ветувања и цели. Од друга страна, 27% се уверени („многу уверен" и „уверен"), додека 13% не се уверени („воопшто неуверен" и „не сум уверен") дека Владата ќе ги исполни своите ветувања.

*Графикон бр. 15: Дали сметате дека Владата ќе ги исполни сите ветувања?*




## 3. Корупција

### 3.1. Ставови за ефективноста на борбата против корупцијата

Резултатите покажуваат висока недоверба во ефективноста на борбата против корупцијата, со 72% од испитаниците кои не се согласуваат („донекаде не се согласувам" и „воопшто не се согласувам") дека таа е ефективна. Само 32% изразиле согласност со изјавата („донекаде се согласувам**"** и „целосно се согласувам").

*Графикон бр. 16: Дали сметате дека борбата против корупцијата е ефективна?*



## 3.2. Влијание на дигитализацијата врз спречување на корупцијата

Истражувањето покажува дека 26% од испитаниците веруваат дека дигитализацијата на јавните услуги ќе има значително позитивно влијание врз спречувањето на коруптивни практики. Сепак, најголем дел од испитаниците (44%) сметаат дека ова влијание ќе биде многу мало, додека 21% веруваат дека дигитализацијата нема да има никакво влијание.

*Графикон бр. 17: Дали сметате дека дигитализацијата на јавните услуги ќе има значително позитивно влијание врз спречувањето на коруптивни практики?*




## 3.3. Влијание на несовесни судски практики врз деловната клима

Резултатите од истражувањето покажуваат поделени ставови за влијанието на несовесните судски практики врз деловната клима. Иако мал број компании директно се соочуваат со штетни ефекти (7%), значителен дел од учесниците (36%) имаат сознанија за други компании кои се погодени. Истовремено, значителен процент од учесниците (25%) не се во можност да дадат одговор, што може да сугерира на потребата за поголема правна транспарентност и информираност.

*Графикон бр. 18: Какво е влијанието на несовесните судски практики врз деловната клима?*



# КЛУЧНИ НАОДИ

**Перцепција за бизнис-средината и економските трендови**

- Претприемачите и компаниите ја гледаат економијата со претпазлив оптимизам, но остануваат загрижени за структурните предизвици како што се одливот на мозоци и сивата економија.
- Повеќето испитаници (55%) очекуваат економската состојба да остане непроменета во следните 12 месеци, додека 30% се оптимисти. Најголемите предизвици за компаниите се одливот на мозоци (40%), сивата економија (39%) и недостатокот на работна сила (35%).

**Програма за работа на Владата**

- Владата има значителен простор за подобрување во начинот на кој го вклучува приватниот сектор во процесите на креирање политики.
- Само 24% од анкетираните се задоволни од начинот на кој Владата го консултира приватниот сектор при изработката на нови закони и прописи, а мнозинството не било консултирано при изработка на мерките во Програмата. Најголемите пречки за бизнисите се даночните прописи (29%) и прописите за работни односи (23%). Речиси половина компании сметаат дека Владата не обезбедува доволна поддршка за малите и средните претпријатија (45%).
- Дополнително, недостатокот на квалификувани кадри е значителен предизвик за 60% од компаниите.

**Корупција**

- Недоволната ефикасност во борбата против корупцијата останува главен извор на недоверба меѓу деловната заедница.
- Голем дел од испитаниците (72%) не веруваат дека борбата против корупцијата е ефективна. Околу 26% сметаат дека дигитализацијата ќе има позитивно влијание, но останатите се скептични. Иако само 7% директно се соочуваат со штетни судски практики, значителен дел (36%) знаат за случаи на други компании погодени од неправилности.
- Овие наоди сугерираат дека решавањето на економските и регулаторните бариери, како и зајакнувањето на антикорупциските мерки се клучни за создавање поуспешна и потранспарентна деловна средина.

# ПРЕПОРАКИ

1. Резултатите покажуваат дека најголема потреба за поддршка од Владата имаат за субвенциите и финансиската помош (32%), следено од пониски даноци (18%), намалување на сивата економија (7%) и справувањето со нелојалната конкуренција (5%). Компаниите, исто така, ја нагласуваат важноста за справување со корупцијата и нелојалната конкуренција (5%).

2. Унапредување на правата рамка во повеќе индустрии со широка консултација на засегнатите страни, вклучително и бизнис-заедницата. Постои незадоволство од недостаток на директна и ефикасна комуникација со Владата. Дел од компаниите се чувствуваат запоставени, без можност да влијаат на креирањето на закони и прописи. Ја нагласуваат потребата од поактивна и директна комуникација со Владата за подобро адресирање на нивните потреби.

3. Јакнење на човечките ресурси во повеќе сектори. Предизвици со човечки ресурси: најизразен е недостатокот на квалификуван кадар, што го ограничува капацитетот на компаниите да ги задоволат барањата и квалитетот на работата. Развој на кадри: финансирање на специјализирани обуки и воведување програми за практична едукација преку соработка со компании, со цел усогласување на образовниот систем со потребите и барањата на енергетскиот сектор. Проблемите со човечките ресурси се заеднички за повеќе сектори, затоа Владата треба да се фокусира на субвенционирање на дефицитарните струки и на создавање услови за образованието да одговара на потребите на компаниите.

4. Финансиска поддршка на приватниот сектор. Субвенции и државни поттикнувања како клучни мерки за долгогодишен развој на одредени сектори. Потребно е активирање на владините мерки кои ќе стимулираат раст, како што е субвенционирање на инвестиции во нови технологии и опрема, како и поддршка за обука на кадри. Процесите за аплицирање треба да бидат поедноставени, со цел да се обезбеди поголем пристап и транспарентност за компаниите. Некои од компаниите споделија дека досега имаат користено кредити преку различни владини програми (дел поддржани од меѓународни финансиски институции). Според нивното искуство, процесот на аплицирање и условите не се едноставни, со обемна документација што бара значително време за подготовка. Тие сметаат дека поедноставувањето на овој процес може да ги поттикне и други компании да аплицираат за ваков тип на кредити.